# „НОВИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ“

**М-р Ана Никодиновска Крстевска**

**Правен факултет, УГД – Штип**
e-mail: ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Украинската криза која започна во ноември 2013 г., предизвика нови геополитички групирања на меѓународната сцена, кои на некој начин ја возобновија дебатата околу почетокот на втора Студена војна, и кои допреа до две битна прашања, енергетската безбедност на Европската унија а со тоа и безебдноста на НАТО алијансата и нејзините земји членки, и борбата за поделба на сфери на влијание меѓу САД, ЕУ и Евроазиската унија. Овие нови безбедносни предизвици, ќе влијаат врз тековите и тенденциите на евроатланските интеграции.

**Клучни зборови**: *енергетска безбедност, сфери на влијание, проширување, Евроазиска унија, Европска унија, НАТО*

* * *

Изменетото меѓународно опкружување кое произлезе со украинската криза и со новите геополитички моменти и групирања кои настанаа на меѓународната сцена, кои патем предизвикаа широка дебата околу можното враќање на Студената војна во вид на втора Студена војна или пак продолжение на првата, всушност ја отвори дебатата за новите безбедности предизвици на евроатлантските интеграции. Имено, укаринската криза која започна минатиот ноември допре до две битни прашања кои значајно ќе влијаат на евроатлантската агенда за интеграции, а тоа се: енергетската безбедност на Европската унија, која автоматски ја повлекува и безбедноста на НАТО и на нејзините земји членки, и второто прашање е актуелизирањето на поделбата на сферите на влијание меѓу Руската федерација и евроатлантските партнери, кое се чинеше дека застана со завршетокот на Студената војна и падот на Советскиот сојуз. Но, пред да преминеме кон објаснување на овие категории прво ќе кажеме два три збора за процесот на европски и североатлантски интеграции и нивниот правец на движење односно тенденции.

Имено, што се однесува до Европската унија и нејзината интеграција, таа го води процесот на европска интеграција прво преку својата политика за проширување, преку

која го следи процесот на прифаќање на европскиот *acquis* односно на европското право и легислатива кај земјите кандидати и потенцијални кандидати, а со тоа и нивниот влез во Унијата, и второ преку нејзината политика за соседство основана во 2003 година , преку која се обидува да ги проектира своите европски вредности и принципи на земјите од непосредното и блиското соседство, која пак, иако во основните документи не предвидува можност за интеграција, сепак нејзината реторика и наратива говорат за спротивното, што лесно може да се увиди од скорешното склучување на асоцијациските договори на Европската унија со Украина, Грузија и Молдова, кои поблиску ги уредуваат нивните меѓусебни односи, но сепак, не предвидуваат можност за членство во Унијата. Според тоа, политиката на проширување  се однесува на оние земји од блиското соседство кои се кандидати за влез во Унијата или пак потенцијални кандидати, а тоа се земјите од Балканот (Макеоднија, Србија, Црбна гора и Албанија во улога на земји кандидати, Косово и Босна и Херцеговина со статус на потенцијални кандидати, и секако Турција и Исланд, и во оваа гурпа за малку ќе се најдеше и Шкотска, но неуспешниот референдум ја предореди да си ја задржи позицијата во Обединетотот кралство а со тоа и во Европскта унија).

Последните текови на оваа политика ѝ кажуваат за забавен процес на интеграција, кој се базира на апсорпцискиот капацитет на Европската унија, изразен преку нејзината заситеност од  последното големо проширување, и значително отежнат од економската криза и рецесија која ја погоди Унијата, и воопшто земјите од Светот. Освен тоа, процесот на проширување бележи и уште едно забавување, кое се однесува на замрзнатите преговори за членство со Турција, заради нејзиното непотпишување на Договорот за асоцијација со Кипар (за што Унијата отвори т.н. *Позитивна агенда* со цел да им даде елан на турко-европските односи), замрзнатите преговори со Исланд, кои се замрзнати од исландската страна, заради одржување на референдум во кој ќе се одлучува приклучувањето кон Унијата,  и секако на замрзнатиот кандидатски статус на Република Македонија од страна на Грција, заради спорот со името, кон кој пак Европската унија, со цел да му даде динамика на евоинтегративниот процес, основа *Дијалог на високо ниво* меѓу двете страни.

Додека политиката за соседство како што споменавме се однесува на земјите од непосредното и блсикото соседството и тоа, на оние од Источна Европа и Јужен Кавказ (а тука спаѓаат Украина, Белорусија, Грузија, Молдова, Ерменија и Азербејџан), како и оние од Медитеранот, коишто го вклучуваат Магребскиот и  Макрешкиот регион).

Имено, двосмислената агенда за проширување што ја има оваа политика, сепак не се однесува на земјите од Магребскиот и Машрекскиот регион, со оглед на тоа што овие земји не го исполнуваат предусловот за влез во Унијата, кој согласно член 49 од Консолидираната верзија на Договорот за Европската унија, земјата треба да биде европска земја. Додека, останатите земји од Источното соседство, скоро сите освен Белорусија, кон која Унијата го има суспендирано потпишувањето на договорот за партнерство и соработка, заради повреда на демокартиските стандарди во земјата, негуваат односи со Европската унија во делот на економската, дипломатскта или културната соработка.

Што се однесува пак до политиката за проширување на НАТО, таа се состои од класичниот пристап на членство преку својата програма на Акциски план за членство, кој моментално ги вклучува Република Македонија (која учествува во акцискиот план уште од 1999, а која патем по поканата од 2008 г. и беше одбиен влезот заради блокирачкото вето на Грција), понатаму Црна гора беше поканета да се приклучи во 2009 г., и последна Босна и Херцеговина, во 2010 г. која влезе во кругот на потенцијални членки на НАТО. Но, освен официјалните програми за членство, НАТО воспоставува и т.н. Партнерства за мир, преку кои негува односи со трети земји, кои во зависност од земјите со кои се склучени, всушност претставуваат еден вид на неофицијална политика за проширување.

Но, да се навратиме повторно на кризата во Украина и на безбедносните предизвици кои произлегоа со неа.

Имено, кризата која се генерираше во Украина, а која нѐ потсети на нам познатото крваво сценарио кое го одбележа распадот на Југославија, и која веќе одекна во светските медиуми (The Guadian/The Observer, Le monde diplomatique, The New York Times, Washington post и други), и во научната мисла (Craig, 2014; Cohen, 2014; Ванковска, 2014 и други), со помислата за закана од ’втора Студена војна’, реално почна да го разнишува долгогодишниот *pax mundi* кој владее на овие простори. Во ова сценарио, паралелно се вклучија како протагонисти, од една страна, Соединетите Американски држави и Европската унија, во улога на стабилизатори и медијатори за излез од кризата, кои ги насочуваат своите напори за враќање на првобитната состојба *ante bellum* односно онаа пред припојувањето на Крим  кон Русија и пред референдумите за независност во Доњетск и Луганск (кои видени низ призмата на проамериканската и проевропската

надворешна политика наместо припојување говорат за анексијата на Крим и одржување на нелегални референдуми во Доњетск и Луганск), и од друга страна, Руската федерација, која исто така се залага за мирно решение на кризата, но која настапува заштитнички во однос на рускоговорните подрачја во Источна Украина и во Крим, во кои живеат повеќе од 11 милиони руси и русофони, при што исходот од нејзиното залагање го насочува кон одржување и зачувување на сегашната *status quo* ситуација пост Крим. Во однос на тоа, последните позначајни разврски на кризата се оние од 5 септември, кои го одбележуваат потпишувањето на договорот за прекин на огнот, меѓу Украина и Русија а под медијаторство на ОБСЕ, а со кој се предвидува децентрализација на власта во прилог на двете републики, Доњетск и Луганск како и повлекување на руските трупи од територијата на Украина.

Имено, навраќајќи се на првиот безбедносен предизвик односно енергетската безбедност, се поставува прашањето како, зошто и на кој начин кризата влијае врз енергетската безбедност на Европската унија а со тоа и на НАТО.

Имено, енергетската безбедност стана приоритет на Европската унија како последица од воведувањето на интегрираниот пристап за пораст на Европската унија (тогашната Лисабонска стратегија од 2000 год., а денешната стратегија Европа 2020)[1], кој предвидува напуштање на енергенсите со висока стапка на загадување како јагленот и нафтата и префрлување кон почисти извори на енергија како соларна, хидроенергија, енергија од ветерници и слично; но, и како последица од одлуката на германската влада да ги затвори од безбедносни причини, своите централи на нуклеарен погон (Hockenos, 2011) и да се пренасочи кон користење на други извори на енергија, во конкретниот случај рускиот гас, кој пак ги засега токму руско-украинските меѓусебни односи. Преокупацијата за енергетската безбедност на Унијата стана уште поголема, особено заради енергетските кризи кои ја зафатија Европската унија во 2006 год. и 2009 год., а кои настанаа како последица од руско-украинскиот спор за испорака на гас во 2006 год. и 2009 год., и кои индиректно, со затворање на вентилите за рускиот гас кон Украина, го прекинаа дотекот на гас за Европската унија, што предизвика последици не само врз функционирањето на индустрискиот сектор туку и врз целокупните засегнати економии (Laïdi, 2008:10).

---

[1] Cf. <http://ec.europa.eu/eu2020/pdf/COMPLET%20EN%20BARROSO%20%20%20007%20-%20Europe%202020%20-%20EN%20version.pdf>

Во прилог на ова ќе речеме дека енергетската безбедност, е покомплексна од другите предизвици на Европската унија, затоа што од една страна ги гледа испреплетени колективните интереси на Унијата со оние на поединечните земји членки како Германија, Италија, Бугарија, Шведска, Балтичките земји и други, кои се зависни од снабдувањето со руски гас (40% од вкупните потреби за гас на Унијата) (Ratner et altri, 2013), додека од друга страна пак, таа е тесно поврзана со руско-украинските меѓусебни односи заради последиците што овие ги имаат врз безбедноста на енергетскиот сектор на Унијата (Bahgat, 2006). Според тоа, евентуалната ескалација на настаните во Украина како и влошувањето на руско- украинските односи, би можеле директно да влијаат на енергетската безбедност на Унијата.

Гледано на краток рок, оваа хипотеза би можела и ќе станува реалност. Па така, во пресрет на зимата, резервите на гас на Европската унија, кои иако не се доволни (тие изнсуваат околу 45 % од вкупниот увоз на руски гас за 2013 год.), тие воглавно не претставуваат проблем за Унијата, имајќи ги предвид неискористените капацитети за складирање на гас во Унгарија, Португалија, Бугарија и Летонија. Но, проблемот би настапил доколку Украина, чии резерви на гас изнесуваат околу 16 милијарди кубни метри гас од вкупните капацитети за складирање, од кои одреден процент од нив веќе е предодреден да оди на европскиот пазар, не бидат достатни за задоволување на предвидената потрошувачка на Украина за 2014 г., која изнесува околу 20 милијарди кубни метри гас, во тој случај голема би била веројатноста дека Украина би започнала да ги корсити и оние резерви наменети за европскиот пазар, за што пак, како повратен одговор на овој нелегален чин, Руската федерација би ја сопрела испораката на гас кон Украина.  Тогаш, би се повторило истото сценарио кое се јави со кризите од 2006 и 2009 година, кога Руската федерација го запре дотекот на гас кон Украина (како последица од меѓусебниот спор за цената, исплатата и долговите настанати со користењето на овој енергенс од украинската страна, но како и од нејзиното нелегално користење на преостанатите резерви на гас наменети за европскиот пазар), а тоа би значело и запирање на дотекот на гас кон Европската унија[2]. Освен тоа, Русија ја прекина дополнителната испорака на гас и дури им ја намали целокунпната испорака за 40% од дневните потреби, кон Полска, Унгарија и Словачка преку Германија, заради тоа што овие земји користејќи

[2] Ова во голема мера веќе се случува, затоа што Руската федерација ја прекина испораката на гас кон Украина во јули оваа година, заради неисплатени долгови врз основа на новите правила за авансна исплата на потрошувачката. Условот за повторно отворање на вентилите е повлекување на тужбата против Руската федерација, која Украина ја достави пред Арбитражниот суд во Стокхолм.

го принципот “reverse flow” на испорака на гас користејќи ги гасоводните мрежи само во обратен правец, и испорачуваа гас на Украина, препордавајќи го рускиот гас и со тоа прекршувајќи ги договорните одредби од договорот за испорака со Русија.

Надоврзувајќи се на тоа, вториот предизвик се однесува на актуелизирањето на борбата за поделба на сферите на влијание меѓу западноевропските сили и Руската федерација, и тука ќе се навратиме на она што го начнавме на почеток, околу дебатата за втора Студена војна или продолжеток на правата. Дали навистина Студената војна заврши на состанокот во Јалта во 89’ г. меѓу Горбачов и Буш (а кој следеше по претходен состанок на Горбачов и Реган во ’88 г. во Њујорк), на кој, и двајцата претседатели обострано прогласија дека војната заврши, или пак таа никогаш не прекина, за што говорат подоцнежните изјави на претседателот Буш, дека победници од Студената војна се Соединетите Американски држави, што пак, не наведува да помислиме дека САД никогаш не ја напуштиле логиката на војната (во која некој треба да губи и некој да победува) и дека никогаш не ја прекинале трката за превласт како и борбата за освојување на сферите на влијание.

Тргнувајќи од тоа и земајќи ги предвид историските проширувања на НАТО кои следеа пост-Студената војна, а кои се однесуваа на, германската реунификација во ’90 година, на проширувањето кон Чешка, Унгарија и Полска во 1999 год., понатаму проширувањето кон Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија во 2004 година, и последно, проширувањето кон Албанија и Хрватска во 2009 година, може да се увиди дека НАТО не го испочитува џентлменскиот договор за крајот на Студената војна, со што полека почна да се шири кон поранешниете Советски држави и држави-сателити од Варшавскиот пакт кои традиционално потпаѓаа под руската сфера на влијание. Ова го потврдува она што пред малку го кажавме, дека всушност борбата за превласт врз руските сфери на влијание, дека никогаш не престанала да се води. Ова уште дотолку станува реалност со отпочнувањето на *Интензивниот дијалог* меѓу НАТО и Украина во 2005 год., сега земенет со програмата за Партнерство за мир, како и со поканата на Грузија да се вклучи во Акцискиот план за проширување во 2008 год., (кои пак како земји лежат во срцето на руските, не само стратешки туку и национални интереси).

Гледано низ призмата на украинската криза, во неа се забележа директното судирање на двата поранешни противници, САД и Руската федерација, и тоа на почетокот, преку порозните дејствија на прозападните протестанти на Киевскиот мајден насочени за соборување на режимот на претседателот Јанукович, додека во

подоцнежната фаза од кризата, овој судар се одбележа преку т.н. *proxy war* која се одвиваше во Источна Украина помеѓу овие две страни.

Освен овој пример на борба за освојување на сфери на влијание, тука може да го наведеме и возобновување на Руската федерација како светска сила во меѓународните односи, преку создавањето на Евроазиската економска унија односно на Евроазиската унија. Оваа унија која е предвидена да стапи во сила 1 јануари 2015 година, всушност претставува пандан на Европската унија, која следи по првичното основање на Евроазиската економска заедница во 2000 година, и која ги вклучува Белорусија, Казакстан и Русија. Целите на оваа унија се на почеток, консолидација на нејзината економска заедничка сфера и на негување на соработката со Кина[3], но гледано на долга стаза оваа Унија има претензии за ширење и за воспоставување на нов политички поредок на десната континентална сфера од евроазискиот континет и воопшто во светот.

Гледано низ една поширока призма на меѓународни односи, оваа историска пресвртница, ќе ги возобнови традиционалните стратешки односи НАТО – ЕУ, и повторно ќе го врати на маса прашањето за трката во освојување на сферите на интерес, барем засега во регионални рамки.

Според тоа, навраќајќи се на евроатлантските интеграции и на нивните перспективи за проширување, имено, овие нови безбедносни предизвици ќе влијаат значително врз текот и врз насоката на интеграциските перспективи, како на политиката за проширување и политиката за соседство на Европската унија, така и на политиката за проширување на НАТО. Еден доказ за тоа е случајот со Ерменија (земја вклучена во програмите за Парнерство за мир на НАТО, и земја која е вклучена во политиките за соседство на Европската унија), која минатата година се откажа од евроинтегративните аспирации и веќе се спрема да се приклучи кон крајот на декември во Евроазиската унија. Освен тоа, јакнењето на Евроазиската унија со текот на времето би можело да ги доведе во прашање и самите политики за соседство и за проширување на Европската унија, и воопшто, опстојувањето на самата Европската унија.[4]

---

[3] првите знаци на зацврстена соработка се согледуваат во потпишувањето на новиот договор за испорака на гас меѓу Русија и Кина, во мај оваа година, кој изнесува околу 400 милијарди долари, и со кој всушност Русија ќе ја снабдува Кина со гас во следните 30 години

[4] Во контекст на тоа, според Сергеј Глазиев (Sergey Glaziev), советник на Путин за Евроазиската унија, тој верува дека проширувањето на Евроазиската унија кон земјите од Европската унија, првично би се остварило преку Кипар и Грција, на кои би им се овозможило учество и можност за извоз на евроазискиот пазар, а кои воедно би служеле како пилот проект за да се тестира транзицијата од Европската унија кон Евроазиската унија, по што, следна која би се приклучила на Евроазиската унија би била Турција, и така натаму (Popescu, 2014:24).

На крај, кога ќе се поврзат овие безбедносни предизвици со евроатлантнските интеграции, може да се заклучи дека тие веќе влијаат на процесот на проширување, што индиректно се увидува од одложувањето на примената на Договорот за слободна трговија меѓу Европската унија и Украина, чија примена се одложува до јануари 2016, и секако влијаат на североатланските интергграции со оглед на тоа дека новонастаната ситуација во Украина, нејзиниот нарушен територијален интегритет ќе бидат кочница за идно проширување на НАТО на овие простори.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


BAHGAT, Gawat: "Europe's energy security: challenges and opportunities", *International affairs* 82:5, 2006, pp. 961 – 975.

HOCKENOS, Paul: "Germany's bold decision to shut down the reactors", *European voice*, 28.07.2011.

LAÏDI, Zaki: *Norms over force. The enigma of European power*, Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2008.

POPESCU, Nicu: "Eurasian Union: the real, the imaginary and the likely", *Chaillot paper*, n. 132, September 2014, Institue for Security Studies, Paris, pp. 1 – 45.

VANKOVSKA, Biljana: "The Cold War II: Just Another Misnomer?", *Contemporary Macedonian Defence*, year 14, number 26, 2014, pp. 49 – 60.

HALIMI, Serge: "The new cold war?, *Le monde diplomatique*, September 2014, <http://mondediplo.com/2014/09/01coldwar>

IVANOV, Igor and RIFKIND, Malcolm: "The Risk of a New Cold War", *The New York times*, 3 August 2014, <http://www.nytimes.com/2014/08/04/opinion/the-risk-of-a-new-cold-war.html>

VANDEN HEUVEL, Katrina: "A new cold war?", *The Washinton post*, 3 January 2013, <http://www.washingtonpost.com/blogs/post-partisan/wp/2013/01/03/a-new-cold-war/>

"*U.S. Definetely Wants War in Ukraine",* Interview with Paul Graig Roberts by Greg Hunter in Political Analysis, USA Watch dog, 12 March 2014, <http://usawatchdog.com/united-states-definitely-wants-war-in-ukraine-paul-craig-roberts/>

KHARABI, Johan:"US-Russian Relations in an Age of American Triumphalism: An Interview with Stephen F. Cohen", *The Nation*, 25 May 2010. <http://www.thenation.com/article/us-russian-relations-age-american-triumphalism-interview-stephen-f-cohen#>

RATNER, Michael, BELKIN, Paul, NICHOL, Jim and WOEHREL,Steven: "*Europe's Energy Secyrity: Options and Challenges to Natural Gas Supply Diversification",* CRS Report for Congress", Congressional Research Service, August 2013, pp. 1 – 29. < http://fas.org/sgp/crs/row/R42405.pdf>

TRENIN, Dmitri: "The crisis in Crimea could lead the world into a second cold war", *The Observer*, Sunday 2nd March 2014 <http://www.theguardian.com/commentisfree/2014/mar/02/crimea-crisis-russia-ukraine-cold-war>